РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
29.07.2013
Ул-Ја.1605-781

Ул Благој Мучето бб 2400 Струмица
тел +38934611611 факс +38934611711
info@diginet.mk

# ДОГОВОР ЗА ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ

Склучен на ден _________________ година во Струмица, помеѓу ДОО "ДИГИНЕТ" од Струмица, ул. Благој Мучето бб со ЕДБ 4027007501501, од едната страна како вршители на интернет услуги и Лицето _____________________ со место на живеење ______________________________ општина (град) ________________________, број на лична карта/жиро сметка _____________________ , ЕМБГ/ЕДБ ___________________________________и депонент Банка ______________________________ , од друга страна како примател на интернет услуги.

При чиста совест, здрав разум, неприсилени од никого, страните го склучуваат овој договор на следниов начин:

Член 1

ДОО "ДИГИНЕТ" од Струмица (во натамошниот текст вршител на интернет услуги) и лицето _______________ _____________________ по извршеното приклучување се договараат за интернет услуги.

Под интернет услуги се подразбира:

Давателот на услугите да му обезбеди на примателот на услугите неограничен пристап на интернет услуги и тоа 24 часа дневно во периодот на:

12 месеци; 24 месеци; неопределено време; (да се заокружи договореното и да се прецрта останатото)

од денот на склучување на договорот.

Брзината на пренос на податоци во двете насоки (downstream и upstream), која ќе им биде обезбедена во најголем дел од времето кога ја користат услугата, помеѓу мрежната завршна точката и точката на давателот на услуги кадешто тој е поврзан со друга комуникациска мрежа, односно брзината за download во пристапен дел ќе биде ____ Mbps и брзината за upload во пристапен дел ќе биде ____ Mbps, каде брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од претходно дефинираните брзини заради фактори кој влијаат надвор од мрежата на давателот на услуги.

Вклучената количина на пренос на податоци во двете насоки (downstream и upstream), е неограничен.

При тоа примателот на услуги се согласува да како надомест на давателот му ја исплати сумата од _______ денари месечно.

Опремата потребна да се обезбеди пристап до интернет ја обезбедува давателот на услугите.

Член 2

ДОО "ДИГИНЕТ" од Струмица како вршител на услугите се согласува со условите предвидени во Чл. 1 од овој договор. Тие да му на примателот обезбедат непречен пристап на интернет во непрекинат период од 24 часа дневно во периодот на:

12 месеци; 24 месеци; неопределено време; (да се заокружи договореното и да се прецрта останатото)

од денот на склучување на договорот, тие да набават опрема (wiFi UBNT, SXT Mikrotik, WiFi ацес поинт или рутер и друга додатна опрема), да ја истата инсталираат кај примателот, а како надомест за нивната инсталација и нивната работа кај примателот да им се исплати сума од __________ денари еднократен неповратен трошок за инсталација.

Давателот на услуги исто така се обврзува доколку има намален квалитет на договорената услуга, за максимално време од 48 часа по претходна дојава од корисникот (лично во просториите на Дигинет) ќе ја сервисира истата. Доколку техничка екипа на Дигинет утврди дека услугата не може да биде сервисирана, времето на користење од моментот на утврдување до нејзино сервисирање нема да биде наплатено.

Давателот на услугите не превзема одговорност за квалитетот на интернет услугите доколку корисникот не обезбедил потребна комјутерска конфигурација и оперативен систем за правилно функционирање на интернет услугата.

Давателот на услугите не превзема одговорност при инсталацијата на опремата да инсталира и конфигурира софтвер, оперативни системи и друг вид на хардвер како камера, микрофон, принтер, тастатура и др.

Корисникот се обврзува да не ја поправа или ракува WiFi опремата на начин кој би довел до нејзино оштетување.

Дателот на услугата се обврзува да врши редовно сервисирање на WiFi опремата.

Член 3 Точка1

Давалелот на услуги ќе врши достава на сметки најдоцна до крајот на втората недела од месецот. Месечниот надомест за користење на услугата, корисникот е должен да го плати до последниот работен ден од тековниот месец. Висината на месечната услуга е претходно утврдена соодветно избраниот интернет пакет.

Непримањето на сметката или непоседувањето на сметка од која и да било причина не го ослободува претплатникот од обврската да го плати должничкиот износ во предвидениот рок, односно претплатникот треба сам да побара сметка доколку истата не ја примил на време.

Дававтелот на интернет услуги има право по e-mail доколку корисникот претходно доставил, пред оваа дата од месецот да издаде потсетување, односно по оваа дата од месецот доколку не е подмирен месечниот надомест да ја намали договорената брзина на услугата на 64к/64к.

Доколку ДОО Дигинет ја намали брзината на интернет услуга поради неподмирен месечен надомест, корисникот се обврзува дека и покрај тоа, ќе плаќа месечен надомест по претходно утврдена цена се до раскинување на договорот.

Во случај на непостапување согласно одредбите на овој член од договорот, давателот на услугите го задржува правото да изврши наплата на паричните побарувања по судски пат.

Член 3 Точка2

ДОО Дигинет како давател на инернет услуга ќе ги врати паричните средства на корисникот во следните случаи:

- во случај на привремен прекин на интернет услугата не по вина на корисникот, давателот на услуги врши враќање на паричните средства во делот на претплатата и надоместоците за дополнителните услуги (доколку претплатникот ги има намирено своите долгови) за износ пропорционален на деновите кога услугата не била во функција, во случај доколку прекинот трае подолго од 48 часа. Износот ќе биде одбиен во наредната сметка, без тоа да биде побарано од страна на претплатникот;
- во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга не по вина на претплатникот, или во случај кога претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, давателот на услуги ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата, надоместокот за користење на дополнителните услуги, по подмирување на вкупниот долг на претплатникот;
- во случај на некористење на услугата не по вина на давателот на услуги, корисникот нема право да бара намалување на износот на сметката.

Член 4.

Странките може да го раскинат овој договор:

Член 4 Точка 1

Давателот на интернет услугите може да го раскине овој договор во следните случаи:

- Ако примателот врши злоупотреба на услугите и мрежата во кои е вклучен.
- Ако примател на услугата не се придржува кон член 3 точка 1 од договорот, односно тековно не ги подмирува месечните надоместоци со висина утврден во член 1 од договорот.
- Доколку не е во состојба да ги обезбедува интернет услугите поради дејствие на Виша сила подолго од шест месеци.

Член 4 Точка 2

Ако договорот на интернет услуги е склучен на определено време примателот на интернет услугите не може да го стави во мирување туку може да го раскине договорот во следните случаи и под следниве услови:

- Договорот не може да се раскине пред истекот на истиот од потпишувањето утврден во член 1, освен со претходен надоместок, пенал.
- Доколку договорот се раскине пред истекот на неговото времетраење од потпишувањето, корисникот односно горенаведеното лице е должно да исплати сума во висина од 2000 денари на име “пенали за предвремено раскинување на договор на определено време”.
- Отказниот рок не може да биде пократок од 5 дена пред да биде откажана услугата и тоа да биде во писмена форма (со специјален формулар, образец за раскинување на договорот).

- Давателот на услуги во рок не пократок од 15 дена пред истекот на задолжителното времетраење од договорот ќе го извести корисникот дека му истекува истиот, доколку има промена на инернет пакети или доколку претплатникот останува без услугата.
- Во случај да договорот и по известување на корисникот од било која причина до неговото задолжително времетрање не биде обновен, ќе важат истите претходно договорени услови се до обновување на договорот или откажување на услугата.

Член 4. Точка 3

Ако договорот на интернет услуги е склучен на неопределено време примателот на интернет услугите може да го раскине договорот во следните случаи и под следниве услови:
- Доколку договорот е склучен на неопределено време, истиот може да биде раскинат без претходен надоместок, пенал.
- Договорот може да биде раскинат доколку се подмирени сите месечни искористени надоместоци, односно месечни претплати по месечна цена наведена во Член 1 од договорот.
- Отказинот рок не може да биде пократок од 5 дена пред да биде откажана услугата и тоа да биде во писмена форма (со специјален формулар, образец за раскинување на договорот).

Член 5

Корисникот на интернет услугите се до денот на откажување на услугите, (со денот на престанување на договорот) должен е да дозволи, доколку опремата не му е купена, на давателот да ја демонтира и истата да ја одземе бидејќи таа е негова опрема и истата е ставена само на користење на услугите а не во негова сопственост и по престанокот на истите, давателот на услугите е овластен да си ја истата повлече.
Опремата треба да биде вратена во исправана состојба како што и е примена.
Доколку корисникот ја оштети, ја предаде оштетена или воопшто не ја предаде опремата, се обврзува да плати надомест во висина од 3500 денари на направената штета.

Член 6

Претплатникот има право на приговор против одлуките или активностите на давателот на услуги во врска со пристапот до или обезбедување на услуги. Приговор се поднесува лично во просториите на Дигинет на ул. Благој Мучето бб – Струмица (контакт тел +38934611611 факс +38934611711) со специјален обрзцец за приговор кој ќе му биде на корисникот даден и заверен во моментот на приговарање. Приговорот се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.
Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претлата односно сметка која не е дел од приговор. Давателот на услуги по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено ќе го извести претплатникот. Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата.

Член 7

Давателот на услуги може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот. Давателот на услуги ќе го извести претплатникот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Доколку корисникот не се сложува со новите предложени изменети услови на претплатничкиот договорот, во рок не пократок од 30 дена од денот на известувањето може без никакви обврски (пенали) да ја откаже услугата.
Корисникот може да ги оствари своие права преку Агенцијата за електронски комуникации, на број 190.

Член 8

Овој договор е составен во две еднообразни примероци од кои по една за странките.

Член 9

Странките договорија месна надлежност на Основен Суд Струмица.
Струмица

____________________ договорени страни

ДОО ДИГИНЕТ

____________________

корисник

# АНЕКС НА ДОГОВОР БРОЈ ___________ ОД ДАТА _________

Договорените странки од овој договор за користење на интернет услуги бр ______ од дата ______ и тоа:
1. ДОО "ДИГИНЕТ" од Струмица, ул. Благој Мучето бб со ЕДБ 4027007501501, од едната страна како вршители на интернет услуги и
2. Лицето _________________________ со место на живеење _____________________________ општина (град) ____________________, број на лична карта/жиро сметка ________________, ЕМБГ/ЕДБ ________________________ и депонент Банка _________________________, од друга страна како примател на интернет услуги.
Го склучуваат овој анекс договор кој договор да се смета како составен дел на главниот договор и тоа на следниот начин:

Член 1.

Странките се согласни опремата која се состои од:

Дека истата претставува сопственост на давателот на услугите и истиот го задржува правото после раскинувањето на договорот за користење на интернет услуги да ја демонтира и да си ја зема повторно во сопствено владеење.

Член 2.

Во случај на оштетување на дел од опремата или на целата опрема а до кое оштетување дошло како резултат на нестручно или недомакинско ракување на истата од страна на корисникот на интернет услугите, истиот со потпишувањето на анекс од договорот се согласува да ја исплати причинетата штета на опремата.

Член 3.

Давателот на интернет услуги го задржува правото да бара надомест за оштетената опрема ако со превземањето односно демонтажа се констатира дека истата е оштетена.

Член 4.

Странките се согласни како висина на цена на чинење на опремата да се смета онаа цена која ја чини опремата во моментот кога е штетата нанесена, дносно констатирана.

Струмица

____________________
ДОО ДИГИНЕТ

договорени страни

____________________
корисник